09-2792/1
13-08-2021

Врз основа на член 22 став 1 а во врска со член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, ДКСК на 50 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 22.07.2021 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето ---------, директор на ------------ бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-5648/1 од 16.12.2019 година.

Предметот со број 09-5648/1 од 16.12.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-5648/1 од 16.12.2019 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител против лицето ------------, директор на -------------, за несовесно извршување на службената должност и со наводи дека нејзино блиско лице (сопруг) е вработено во истата институција и врши контрола врз нејзината работа, односно ја контролира нејзината работа.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и ја констатира следната фактичка состојба:

Лицето ---------- (сопруг на директорката на ---------------) е вработено во оваа институција од 01.06.1994 година на работно место Координатор на оддел во Оддел за брак и семејство во Служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство. Истото лице, согласно Правилникот за систематизација на работните места на оваа институција одговара пред раководителот на Служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство, односно истиот не може да ја контролира работата на неговата сопруга.

Од друга страна, службеното лице ------------ е назначена за директор на --------------- од 16.10.2018 година.

Согласно предвидените забрани и ограничувања во извршувањето на јавните овластувања и должности на службените лица од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постои ограничување блиски лица, во конкретниот случај сопружници, да работат во иста институција.

На седницата одржана на ден 21.07.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето ---------, директор на -----------------, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК